IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

**Повик за помлад истражувач во рамки на Центарот за Европски интеграции на ИДСЦС**

Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје (ИДСЦС), во рамки на Центарот за Европски интеграции, распишува оглас за **помлад истражувач** со целосно работно време (40 часа неделно) за период од 6 (шест) месеци со можност за продолжување. Работните обврски ќе бидат:

- Поддршка на проектните менаџери при развивање на проектни апликации и спроведување на актуелните проекти на ИДСЦС;
- Анализа на македонското и европско законодавство и политики;
- Пишување документи за јавни политики;
- Истражување и обработка на податоци;
- Поддршка при организацијата на јавните настани на ИДСЦС;
- Други работи поврзани со работата на Центарот за Европски интеграции.

**Потребни знаења и вештини:**

- Тековни или завршени постдипломски студии на Правен факултет, политички и општествени науки;
- Добри познавања за пишување документи за јавни политики во поле на ЕУ интеграција;
- Искуство во анализирање на македонското и европското законодавство и политики;
- Основни познавања на квалитативни и квантитативни методи за истражување;
- Основни познавања на софтверски алатки за обработка на податоци и визуелизација на податоци;
- Основни познавања за развивање проектни апликации, управување со проектен циклус и подготовка на наративни извештаи;
- Напредно познавање на англиски јазик.

Предност ќе имаат кандидати со добри познавања во теорија и пракса на процес на носење политики и основни познавања за застапување на политики.

Работниот ангажман ќе се спроведува почнувајќи од 15 септември 2017г. За својот ангажман истражувачот ќе добива почетен месечен надомест од 18.800 денари (нето).

Заинтересираните кандидати треба да испратат своја кратка биографија (CV) и мотивациско писмо на адресата: contact@idscs.org.mk најдоцна **до 20 август (недела – 23:59ч.) 2017г**. Апликациите пратени по крајниот рок нема да бидат земени предвид. Само предселектираните кандидати ќе бидат контактирани и повикани на интервју.

Заинтересираните можат да ги поставуваат своите прашања на ivana@idscs.org.mk најдоцна до 16 август (среда) 2017г.

ИН
Број 0401-213/17
Скопје, 17.07.2017

Институт за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС ИДСЦС СКОПЈЕ